A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

# **ЗАПИСНИК бр. 52**

Од одржаната 52-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 17.08.2020 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во Зрновци. Седницата започна со сите советници . Останати присутни:, Градоначалникот, Методи Николов, Горан Кокев и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог ДНЕВЕН РЕД**

1. **Усвојување на записникот од 51-тата седница,**
2. **Избор на нова алатка за транспарентност (Предлог проект) со кој општина Зрновци ќе аплицира во рамките на одобрениот проект „Зајакнување на општинските совети“ кој е финансиран од Швајцарската агенција за соработка и развој а имплементиран од страна на УНДП а во однос на грантот од 12.000 CHF за имплементација на ICT алатка за подобрување на транспарентноста и отчетноста на општината и граѓанското учество.**
3. **Барање на Градоначалникот на општина Зрновци за раскинување на Договорот за основање на заедничко административно тело помеѓу општина Зрновци и општина Чешиново-Облешево поради непочитување на одредбите на Договорот за основање на заедничко административно тело во делот на:**
   - **Вршење на инспекциски надзор над градби и**
   - **Вршење на работи од областа на просторно-урбанистичко планирање, градењето и заштита на животна средина**
4. **Предлог од Градоначалникот на општина Зрновци за основање на заедничко административно тело помеѓу општина Зрновци и општина Карбинци во делот на:**
   - **Вршење на инспекциски надзор над градби и**
   - **Вршење на работи од областа на просторно-урбанистичко планирање, градењето и заштита на животната средина**
5. **Разно**

**Тек на седницата:**

Претседателот ја отвори седницата и отвори дискусија по дневниот ред. Никој не се јави за збор и дневниот ред беше усвоен со 9-ЗА гласа.

6. **Усвојување на записникот од 51-тата седница,**

Претседателот отвори дискусија по запиникот. Никој не побара збор и записникот беше усвоен со 9-ЗА гласа.

7. **Избор на нова алатка за транспарентност (Предлог проект) со кој општина Зрновци ќе аплицира во рамките на одобрениот проект „Зајакнување на општинските совети“ кој е финансиран од Швајцарската агенција за соработка и развој а имплементиран од страна на УНДП а во однос на грантот од 12.000 CHF за имплементација на ICT алатка за подобрување на транспарентноста и отчетноста на општината и граѓанското учество.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Благој Данев појасни дека согласно предходната одлука на Советот бил подготвен предлог проект и доставен до УНДП. Но преку емаил општината била известена дека предлог проектот се одбива и било побарано до вторник да се достави нов предлог проект. Градоначалникот кажа дека не му било јасно зошто предходниот проект не се одобрил и дека истито ќе донес многу бенефити за заедницата. Бидејќи снимањето на седниците на совет била тоѓаш како втора опција се предложи да се оди со опрема за снимање на седниците на советот, опрема за озвучување на салата во домот на културата и доколку останат пари да се набават веб камери за следење на зоом настани и ЛЦД проектот со платно.

Одлуката беше донесена со 8-ЗА и 1против.

8. **Барање на Градоначалникот на општина Зрновци за раскинување на Договорот за основање на заедничко административно тело помеѓу општина Зрновци и општина Чешиново-Облешево поради непочитување на одредбите на Договорот за основање на заедничко административно тело во делот на:**
   - **Вршење на инспекциски надзор над градби и**

- **Вршење на работи од областа на просторно-урбанистичко планирање, градењето и заштита на животна средина**

Претседателот отвори дискусуија по точката. Градоначалникот појасни дека општина Зрновци и општина Чешиново-Облешево имаат склучено договор за МОС уште во 2005 годи и тоа функционираше доста време до пред некоја година кога Вера Арсова отиде во пензија а новото лице вработено во општина Чешиново-Облешево не доаѓаше повеќе во Зрновци. Истотака имало и некои реакции за работата на Владимир Анастасов во општина Чешиново-Облешево. Поради ова оваа заедничка служба не функционира а има потреба од покривање на надлежностите. Градоначалникот кажа дека имало иницијатива од општина Карбинци за формирање на вакво заедничко административно тело со нивната општина. За таа цел треба да се спроведе процедура, одлуки на двата совети и да се формира телото. Методи Николов уште еднаш ја појасни постапката околу иницијативата и одлуките од двата совети, формирањето на комисијата и на крај формирањето на заедничкото административно тело. Одлуката беше донесена со 9-ЗА.

9. **Предлог од Градоначалникот на општина Зрновци за основање на заедничко административно тело помеѓу општина Зрновци и општина Карбинци во делот на:**
   - **Вршење на инспекциски надзор над градби и**
   - **Вршење на работи од областа на просторно-урбанистичко планирање, градењето и заштита на животната средина**

Претседателот отвори дискусија по точката. Немаше дискусија и Одлуката беше донесена со 9-ЗА.

10. **Разно**

Претседателот отвори дискусуија по точката.

За збор се јави Душко Горгиев кој праша сто стана со асфалтирањето на делот од патот кон излезот кон Виница? Ну одговори градоначалникот кој кажа дека според најновите пресметки на Македонија пат останале уште само 4т асфалт и тие ќе биле достапни во наредниот период. Најверојатно ќе има само за крпење на прекопаниот пат. Душко Георгиев реагираше и на оставената земја кај чешмата после санираниот дефект на водоводната мрежа. Тој истотака кажа дека имало реакција од граѓаните зошто механизацијата на КЈП стои кај Чаето а не кај фабриката за отпад и дека го виделе како Иван со новото возило изнесува губре. Градоначалникот кажа дека ако тоа е точно не смее повеќе да се повтори.Тоше Андонов праша што стана со префрлените пари од општината на КЈП и дали е набавена машината? Му беше одговорено дека пумпата е набавена. И Виктор Новков кажа дека Механизацијата од КЈП не смее да се користи за приватни цели.

Градоначалникот се јави за збор и кажа дека КЈП има само 5 вработени и дека има мн работа за косење и одржување на јавните патишта и површини и предложи да им се префрлат на КЈП од сметката на општината 10.000 мкд за овие намени. Одлуката беше донесена со 5-ЗА, 1 против и 3 воздржани.

Седницата заврши во 13.34 часот.

**Записничар**
**Благој Данев**

**Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Владо Ристов**